# Регулатива (ЕЗ) бр. 593/2007 на Комисијата од 31 мај 2007 година за таксите и давачките што ги собира Европската агенција за воздухопловна безбедност

(Текст со важност за ЕЕО)

КОМИСИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ,

Имајќи го предвид Договорот за основање на Европската заедница,

Имајќи ја предвид Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002 на Европскиот парламент и на Советот од 15 јули 2002 година за општите правила во областа на цивилното воздухопловство и за воспоставување на Европската агенција за воздухопловна безбедност [[1]], и особено членот 53(1) од неа,

По консултации со Управниот одбор на Европската агенција за воздухопловна безбедност,

Со оглед на тоа што:

(1) Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005 [[2]] на Комисијата ги утврди таксите и давачките што ги собира Европската агенција за воздухопловна безбедност (во понатамошниот текст „Агенцијата“).

(2) Приходите на Агенцијата се состојат од придонес од Заедницата и која било европска трета земја што ги склучила спогодбите што се наведени во членот 55 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002, од платените такси од страна на барателите на издадените сертификати и одобренија, одржувани или изменети од страна на Агенцијата, и од давачките што се наплаќаат за публикации, обработка на жалби, обука и сите останати услуги што ги обезбедува Агенцијата.

(3) Приходите и расходите на Агенцијата треба да бидат урамнотежени.

(4) Таксите и давачките што се спомнуваат во оваа Регулатива се бараат во евра и се собираат исклучиво од страна на Агенцијата. Тие треба да се утврдуваат на транспарентен, правичен и еднообразен начин.

(5) Таксите што ги собира Агенцијата не треба да ја загрозуваат конкурентноста на засегнатите европски друштва. Покрај тоа, тие треба да се утврдуваат врз основа на тоа што таа соодветно ја зема предвид способноста за плаќање на малите претпријатија.

(6) Иако главната грижа на Агенцијата треба да биде цивилното воздухопловство, сепак, таа треба целосно да ја земе предвид и економичноста при спроведувањето на задачите со коишто е задолжена.

---

[1] Сл. Весник. L 240, 7.9.2002, стр. 1. Регулатива со последните измени со Регулатива (ЕЗ) бр. 1701/2003 на Комисијата (Сл. Весник. L 243, 27.9.2003, стр. 5).
[2] Сл. Весник. L 81, 30.3.2005, стр. 7. Регулатива со последните измени со Регулатива (ЕЗ) бр. 779/2006 (Сл. Весник. L 137, 25.5.2006, стр. 3).

(7) Географската местоположба на претпријатијата на териториите на земјите-членки не треба да претставува основа за дискриминација. Во согласност со тоа, патните трошоци што се поврзани со извршените задачи за сертификација во име на таквите претпријатија треба да се акумулираат и да се распределат помеѓу барателите. <0}

(8) Барателот треба да се информира, доколку е можно, за предвидениот износ што треба да се плати за услугата што ќе биде обезбедена и за начинот на којшто плаќањето мора да се направи пред да започне обезбедувањето на услугата. Критериумите за утврдување на износот што треба да се плати треба да бидат јасни, еднообразни и јавни. Кога не е можно однапред да се утврди овој износ, барателот треба да се информира соодветно пред да започне обезбедувањето на услугата. Во таков случај, треба да се договорат јасни правила за утврдување на износот што треба да се плати за време на обезбедувањето на услугата пред да се обезбеди услугата.

(9) Друштвото треба да располага со добра финансиска видливост и треба да биде способно да ги предвиди расходите за таксите што ќе треба да ги плаќа. Во исто време, неопходно е да се гарантира рамнотежата меѓу севкупните расходи што ги поднесува Агенцијата при извршувањето на задачите за сертификација и севкупните приходи од таксите што ги собира. Според тоа, треба да постои можност за годишно ревидирање на нивоата на таксите врз основа на финансиските резултати и прогнози на Агенцијата.

(10) Заинтересираните страни треба да се консултираат пред каква било промена на таксите. Покрај тоа, Агенцијата треба редовно да им обезбедува информации на заинтересираните страни за тоа како и врз која основа се пресметуваат таксите. Таквите информации на заинтересираните страни треба да им обезбедат увид во трошоците што ги поднесува Агенцијата и во нејзината продуктивност.

(11) Тарифите што се утврдени во оваа Регулатива треба да се засноваат врз предвидувањата на Агенцијата во поглед на нејзините работни обврски и поврзаните трошоци.

(12) Оваа Регулатива треба да се ревидира во рок од пет години по нејзиното влегување во сила.

(13) Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005 треба да се укине.

(14) Мерките што се предвидени во оваа Регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот што е воспоставен со член 54(1) од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАВА РЕГУЛАТИВА:

## ПОГЛАВЈЕ I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Член 1*

Оваа Регулатива се применува за таксите и давачките што ги собира Европската агенција за воздухопловна безбедност, во понатамошниот текст „Агенцијата“, како надоместок за услугите што ги обезбедува, вклучувајќи го и снабдувањето со стоки.

Таа ги утврдува, особено, случаите во кои се наплаќаат таксите и давачките што се наведени во член 48(1) од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002, износот на таквите такси и давачки и начинот на којшто треба тие да се плаќаат.

*Член 2*

За целите на оваа Регулатива се применуваат следниве дефиниции:

(а) „такси“ значи износите што ги наплаќа Агенцијата и што се плативи за барателите за добивање, одржување или изменување на сертификатите што се спомнуваат во член 15 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002, што се издаваат, одржуваат или што се менуваат од страна на Агенцијата;

(б) „давачки“ значи износите што ги собира Агенцијата и што се плативи за барателите за другите услуги, што не се поврзани со задачите за сертификација што ги обезбедува Агенцијата;

(в) „задачи за сертификација“ значи сите дејности што ги врши Агенцијата, директно или индиректно, за потребите на издавањето, одржувањето или изменувањето на сертификатите што се наведени во член 15 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002;

(г) „барател“ значи кое било физичко или правно лице што сака да ги користи услугите што ги обезбедува Агенцијата, вклучувајќи го издавањето, одржувањето или изменувањето на сертификатот;

(д) „патни трошоци“ значи трошоци за превоз, трошоци за сместување и храна, вонредни расходи и надоместоци за пат што се исплаќаат на персоналот во контекст на задачите за сертификација;

(ѓ) „реален трошок“ значи расходите што реално ги поднесува Агенцијата.

## ПОГЛАВЈЕ II

## ТАКСИ

*Член 3*

1. Таксите осигуруваат вкупни приходи што се доволни за покривање на сите трошоци кои произлегуваат од задачите за сертификација, вклучувајќи ги трошоците што произлегуваат од поврзаниот постојан надзор.

2. Агенцијата води посебна евиденција на своите приходи и расходи што се однесуваат на задачите за сертификација. За оваа цел:

(а) таксите што ги собира Агенцијата се заведуваат на посебна сметка и се предмет на посебна сметководствена постапка;

(б) Агенцијата изготвува аналитички сметки за своите приходи и расходи.

3. Таксите се предмет на општа привремена процена до почетокот на секоја финансиска година. Оваа процена се заснова врз претходните финансиски резултати на Агенцијата, врз нејзините процени за расходите и приходите и врз нејзиниот иден план за работа.

Ако на крајот на финансиската година, севкупните приходи од таксите, што претставуваат целни приходи во согласност со член 53 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002, се поголеми од севкупните трошоци на задачите за сертификација, разликата се употребува за финансирање на задачите за сертификација во согласност со финансиските прописи на Агенцијата.

*Член 4*

Таксата што ја плаќа барателот за определена задача за сертификација се состои од:

(а) паушален износ што варира во согласност со соодветната задача за да ги изрази поднесените трошоци од страна на Агенцијата при вршењето на оваа задача. Различните износи на паушалната такса се утврдени во Деловите I и III на Анексот; или

(б) варијабилен износ што е пропорционален на соодветниот работен ангажман, изразен како број на часови помножен со саатнината. Саатнината ги изразува сите трошоци што произлегуваат од задачите за сертификација. Задачите за сертификација што се наплаќаат по час, како и применливата саатнина се утврдени во Делот II на Анексот.

*Член 5*

1. Износите што се утврдени во Анексот се објавуваат во службената публикација на Агенцијата.

2. Овие износи секоја година се индексираат според стапката на инфлација што е утврдена во Делот V на Анексот.

3. По потреба, Анексот се ревидира годишно.

4. На годишно ниво, Агенцијата им доставува на Комисијата, Управниот одбор и на советодавното тело на заинтересираните страни, што се регистрирани во согласност со член 24 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002, информации за компонентите што служат како основа за утврдување на нивото на таксите. Оваа информација се состои особено од анализа на трошоците што се однесуваат на претходната и на следните години. Агенцијата, исто така, двапати годишно, на Комисијата, Управниот одбор и на советодавното тело на заинтересираните страни, им доставува информации за ефективноста, што е утврдена во Делот VI на Анексот, и за показателите за ефективноста што се наведени во ставот 5.

5. Во рок од шест месеци по влегувањето во сила на оваа Регулатива, Агенцијата, по консултации со советодавното тело на заинтересираните страни, донесува комплет показатели за ефективноста, соодветно земајќи ги предвид информациите што се наведени во Делот VI на Анексот.

6. Агенцијата се консултира со советодавното тело на заинтересираните страни пред да даде мислење за какви било промени на таксите. Во текот на консултациите Агенцијата ги објаснува причините за каков било предлог за измени на ниво на таксите.

*Член 6*

Не доведувајќи го во прашање членот 4, кога се врши некоја задача за сертификација, целосно или делумно, надвор од териториите на земјите-членки, таксата што му се фактурира на барателот треба да ги вклучува соодветните патни трошоци надвор од таквите територии, во согласност со следнава формула:

$$d = f + v$$

каде:

d = таксата што се должи

f = таксата што соодветствува на извршената задача, како што е утврдено во Анексот

v = дополнителните патни трошоци, како реален трошок

Дополнителните патни трошоци што му се фактурираат на барателот го вклучуваат потрошеното време на експертите во превозните средства надвор од териториите на земјите-членки. Соодветниот број часови се фактурира според саатнината.

*Член 7*

По барање на барателот и со согласност на Извршниот директор на Агенцијата, задачата за сертификација по исклучок може да се врши на следниов начин:

(а) преку назначување категории на персоналот што ја врши задачата, што Агенцијата вообичаено ги назначува за таквата задача согласно своите стандардни постапки, и/или

(б) преку назначување онолку човечки ресурси за вршење на задачата колку што се потребни за побрзо вршење на операцијата во споредба со вршењето, согласно стандардните постапки на Агенцијата.

Во таков случај, се применува исклучително зголемување на таксата што се собира со цел да се покријат трошоците што ги поднела Агенцијата за задоволување на посебното барање.

*Член 8*

1. Таксата ја плаќа барателот. Таксата се плаќа во ЕУР. Барателот се грижи за тоа дека на Агенцијата $ е исплатен целосниот износ што $ се должи. Можните банкарски трошоци што се поврзани со плаќањето ги поднесува барателот.

2. Издавањето, одржувањето или менувањето на сертификатот е предмет на претходно плаќање на целиот износ на должената такса, освен ако Агенцијата и барателот не се договорат поинаку. Во случај на неплаќање, Агенцијата може да го отповика соодветниот сертификат по давање на формално предупредување на барателот.

3. Износите што се помали или еднакви на 1000 ЕУР се плаќаат наеднаш при пополнувањето на барањето.

4. Тарифникот што го применува Агенцијата и условите за плаќање им се соопштуваат на барателите кога тие ги поднесуваат своите барања.

5. За сите задачи за сертификација што повлекуваат плаќање на такси што се пресметуваат по часови, Агенцијата може, на барање, да му обезбеди процена на барателот. Агенцијата ја изменува процената ако задачата се покаже како полесна или ако може да се изврши побрзо од првичните предвидувања, или, во спротивно, ако е посложена и одзема подолго време за извршување од времето што Агенцијата разумно можела да го предвиди.

6. Ако, по првата проверка, Агенцијата одлучи да не прифати некое барање, сите веќе платени такси му се враќаат на барателот, со исклучок на износот со кој се покриваат административните трошоци за обработка на барањето. Таквиот износ е двапати поголем од саатнината што е утврдена во Делот II на Анексот.

7. Кога Агенцијата треба да прекине некоја задача за сертификација бидејќи барателот има недоволни средства или не ги исполнува важечките барања, или затоа што барателот одлучил да се откаже од барањето или да го одложи својот проект, остатокот од севкупните неплатени такси, што се пресметани по часови, но кои не ја надминуваат

применливата паушална такса, се плаќаат целосно во времето кога Агенцијата ќе престане со работа. Соодветниот број часови се фактурира според саатнината што е утврдена во Делот II на Анексот. Кога, на барање од барателот, Агенцијата повторно ќе започне со вршење на претходно прекинатите задачи за сертификација, таквата задача се наплаќа како нов проект.

*Член 9*

Таксите се бараат и се собираат единствено од страна на Агенцијата.

Земјите-членки не собираат такси за задачите за сертификација, дури и во случајот кога ги вршат тие задачи во име на Агенцијата.

Агенцијата им плаќа на земјите-членки за задачите за сертификација што тие ги вршат во нејзино име.

## ПОГЛАВЈЕ III

## ДАВАЧКИ

*Член 10*

1. Агенцијата собира давачки за сите услуги, вклучувајќи го снабдувањето со стоки, со исклучок на оние што се наведени во член 3.

Меѓутоа, следниве услуги се бесплатни:

(а) преносот на документи и информации, во која било форма, согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 1049/2001 на Европскиот парламент и на Советот [[3]];

(б) бесплатните документи што се на располагање на интернет страницата на Агенцијата.

2. Агенцијата, исто така, собира давачки кога е поднесена жалба против нејзините одлуки, согласно член 35 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002.

*Член 11*

Износот на давачките што ги собира Агенцијата е еднаков на реалниот трошок на дадената услуга, вклучувајќи го трошокот за правење на таквата услуга на располагање на барателот. За таа цел, времето што е потрошено од страна на Агенцијата за давање на услугата се фактурира според саатнината што е наведена во Делот II на Анексот.

Давачките што се наплаќаат во случај кога е поднесена жалба, согласно член 35 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002, се во форма на износ со фиксна стапка, како што е

[3] Сл. Весник. L 145, 31.5.2001, стр. 43.

утврдено во Делот IV на Анексот. Ако по жалбата се реши во корист на подносителот на жалбата, Агенцијата по автоматизам му го враќа износот со фиксна стапка на тоа лице.

Износот на давачките му се соопштува на барателот пред давањето на услугата, заедно со условите за плаќање на давачките.

*Член 12*

Давачките се плативи за барателот, или, во случај на жалба, од страна на физичкото или правното лице што ја поднесува жалбата.

Давачките се плаќаат во ЕУР.

Барателот се грижи за тоа дека на Агенцијата $ е исплатен целосниот износ што $ се должи. Можните банкарски трошоци што се поврзани со плаќањето ги поднесува барателот.

Освен, ако Агенцијата и барателот, или физичкото или правното лице што ја поднесува жалбата, не се договорат поинаку, давачките се наплаќаат пред да се даде услугата или, кога е тоа соодветно, пред да се поведе жалбената постапка.

Износите што се помали или еднакви на 1000 ЕУР се плаќаат наеднаш при пополнувањето на барањето или при поднесувањето на жалбата.

## ПОГЛАВЈЕ IV

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 13*

Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005 се укинува.

*Член 14*

1. Оваа Регулатива влегува во сила на 1 јуни 2007 година. Таа се применува под следниве услови:

(а) Таксите што се прикажани во табелите од 1 до 5 од Делот I на Анексот се применуваат за сите сертификати издадени по 1 јуни 2007 година.

(б) Таксите што се прикажани во табелата 6 од Делот I на Анексот се применуваат за годишните такси собрани по 1 јуни 2007 година.

(в) За барателите на коишто им била наплатена таксата за надзор што се спомнува во точка (vi) на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005 пред 1 јуни 2007 година, се применуваат таксите што се прикажани во табела 7 од Делот I на Анексот,

започнувајќи од првата годишна рата што била платива по истекот на 3-годишниот период што се спомнува во точката (vi) на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005.

(г) За барателите на коишто им биле наплатени таксите за надзор што се спомнуваат во точките (viii), (x), (xiii) или (xi) на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005 пред 1 јуни 2007 година, таксите за надзор што се прикажани, соодветно, во табелите 8, 9 и 10 од Делот I, и во ставот 2 на Делот III, Анексот на оваа Регулатива се применува започнувајќи од првата годишна рата што била платива по крајот на 2-годишните периоди што се спомнуваат во точките (viii), (x) и (xiii) на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005.

2. Без оглед на членот 13, Регулативата (ЕЗ) бр. 488/2005 продолжува да се применува во однос на сите такси или давачки што се надвор од полето на примена на оваа Регулатива во согласност со ставот 1.

3. Оваа Регулатива се ревидира во рок од пет години по нејзиното влегување во сила.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 31 мај 2007 година.

*За Комисијата*

Жак Баро

*Потпретседател*

*АНЕКС*

Содржина

Дел I: Задачи за кои се наплаќа паушална такса

Дел II: Задачи што се наплаќаат по час

Дел III: Такси за други задачи што се поврзани со сертификацијата

Дел IV: Давачки за жалби

Дел V: Годишна стапка на инфлација

Дел VI: Информации за ефективноста

Забелешка со објаснувања

(1) Таксите и давачките се изразени во евра.

(2) Таксите што се однесуваат на производите, наведени во табелите од 1 до 4 на Делот I, се наплаќаат по операција и за период од 12 месеци. По првиот дванаесетмесечен период, доколку е потребно тоа, овие такси се утврдуваат pro rata temporis (1/365 дел од соодветната годишна такса на ден по завршувањето на првиот дванаесетмесечен период). Таксите што се наведени во табелата 5 се наплаќаат по операција. Таксите што се наведени во табелата 6 се наплаќаат за дванаесетмесечен период.

(3) Во врска со таксите што се однесуваат на организациите, што се наведени во табелите од 7 до 10 на Делот I, таксите за одобренијата се наплаќаат еднаш, а таксите за надзор се наплаќаат на секои 12 месеци.

(4) Задачите што се наплаќаат по час, што се наведени во Делот II, се наплаќаат според саатнината што е наведена во овој Дел, помножена со реалниот број на работните часови потрошени од страна на Агенцијата или со бројот на часови што е утврден во овој Дел.

(5) Спецификациите за сертификација (CC) што се спомнуваат во овој Анекс се оние што се донесени согласно член 14(2) од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002 и што се објавени во службената публикација на Агенцијата во согласност со Одлуката 2003/8 на ЕАВБ (EASA) од 30 октомври 2003 година (www.easa.europa.eu).

(6) „Големи роторни воздухоплови“ се однесува на CS 29 и CS 27, кат. А; „Мали роторни воздухоплови“ се однесува на CS 27, со максимална тежина на полетување (MTOW) помала од 3.175 кг и ограничување на четири седишта, вклучувајќи го пилотот, и на CS VLR; „Средни роторни воздухоплови“ се однесува на други CS 27.

(7) „Изведенка“ значи нов модел што е додаден на постоечки типски сертификат.

(8) Во табелите 1, 2 и 6 на Делот I, вредностите на „деловите“ се однесуваат на соодветните ценовници на производителите.

(9) Во табелите 3 и 4 на Делот I, „Едноставен“, „Стандарден“ и „Сложен“ се однесуваат на следново:

| | Едноставен | Стандарден | Сложен |
|---|---|---|---|
| Дополнителен типски сертификат (ДТС) на ЕАВБ<br>Значителни промени на проектот претставени од ЕАВБ<br>Значителни поправки, внесени од страна на ЕАВБ | ДТС, значителни промени или поправки на проектот, што вклучуваат единствено тековни и докажани методи за потврдување, за кои може да се соопшти цел комплет податоци (опис, листа за проверка на усогласеноста и документи за усогласеноста) во времето на поднесување на барањето, и за кои барателот покажал дека поседува искуство, и што може да се оцени самостојно од раководителот за сертификација на проектот, или со ограничено учество на еден специјалист од таа област | Сите останати ДТС, значителни промени или поправки | Значителни (*) ДТС или значителни промени на проектот |
| Потврдени ДТС на Сојузната управа за воздухопловство на САД (FAA) | Основен (**) | Неосновен | Значителен неосновен |
| Потврдени значителни промени на проектот на FAA | Значителни промени на проектот од Ниво 2 (**) ако не се автоматски прифатени (***) | Ниво 1 (**) | Значително ниво 1 |
| Потврдени значителни поправки на FAA | N/A (автоматско прифаќање) | Поправки на критични компоненти (**) | N/A |

(*) „Значителен“ е определено во ставот 21А.101 (б) на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003 (и соодветно во FAA 21.101 (б)).
(**) „Основен“, „ниво 1“, „ниво 2“ и „критична компонента“ се определени во процедурите за техничко спроведување за сертификацијата на способноста за летање и на екологичноста (TIP) кон ЕУ/САД нацрт-билатералната спогодба за воздухопловна безбедност.
(***) Критериумите за автоматско прифаќање од страна на ЕАВБ на значителните промени од ниво 2 според FAA се утврдени во Одлуката на извршниот директор на ЕАВБ 2004/04/CF, или во процедурите за техничко спроведување за сертификацијата на способноста за летање и еколoгичноста (TIP) кон ЕУ/САД нацрт-билатералната спогодба за воздухопловна безбедност, ако е тоа применливо.
(10) Во Табелата 7 на Делот I, Проектантските организации се категоризирани како што следува:

| Поле на примена на спогодбите за проектантските организации (СПО) | Група А | Група Б | Група В |
|---|---|---|---|
| СПО 1<br>Носители на типски сертификати | Многу сложени/Големи | Сложени/Мали-Средни | Помалку сложени/Многу мали |
| СПО 2<br>ДТС/Промени/Поправки | Неограничени | Ограничени (технички области) | Ограничени (големина на воздухопловот) |
| СПО 3<br>Мали промени/поправки | | | |

1) Во Табелата 8 од Делот I, обртот што е земен предвид е обртот што се однесува на дејностите што се опфатени во полето на примена на спогодбата.
2) Во Табелите 7, 9 и 10 на Делот I, бројот на персоналот што е земен предвид е бројот на персоналот што е поврзан со дејностите што се опфатени со полето на примена на спогодбата.

ДЕЛ I

**Задачи за кои се наплаќа паушална такса**

*Табела 1: Типски сертификати и Ограничени типски сертификати (наведени во потделот Б и потделот М на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003 [4]() на Комисијата*

| | *(ЕУР)*<br>Паушал |
|---|---|
| *Воздухоплов со неподвижни крила* | |
| Над 150 тони | 2 600 000 |
| Над 50 тони до 150 тони | 1 330 000 |
| Над 22 тони до 50 тони | 1 060 000 |
| Над 5,7 тони до 22 тони | 410 000 |
| Над 2 тона до 5,7 тони | 227 000 |
| До 2 тона | 12 000 |
| Многу лесни воздухоплови, безмоторни воздухоплови | 6 000 |
| *Роторни воздухоплови* | |
| Големи | 525 000 |
| Средни | 265 000 |
| Мали | 20 000 |
| *Други* | |

[4] Регулатива (ЕЗ) бр. 1702/2003 на Комисијата од 24 септември 2003 година со која се утврдуваат правилата за спроведување на сертификацијата за способноста за летање и екологичноста на воздухопловите и поврзаните производи, делови и уреди, како и за сертификација на проектантските и производните организации (Сл. В. L 243, 27.9.2003, стр. 6), со последните измени со Регулатива (ЕЗ) бр. 375/2007(Сл. В. L 94, 4.4.2007, стр. 3).

| | |
|---|---|
| Балони | 6 000 |
| *Погон* | |
| Над 25 KN | 365 000 |
| До 25 KN | 185 000 |
| Нетурбински мотори | 30 000 |
| Нетурбински мотори CS 22 H | 15 000 |
| Пропелер над 22 t | 10 250 |
| Пропелер до 22 t | 2 925 |
| *Делови* | |
| Вредност над 20 000 ЕУР | 2 000 |
| Вредност помеѓу 2 000 и 20 000 ЕУР | 1 000 |
| Вредност под 2 000 ЕУР | 500 |

*Табела 2: Изведени типски сертификати или Ограничени типски (ЕУР) сертификати*

| | |
|---|---|
| Паушал ([5]) | |
| *Воздухоплов со неподвижни крила* | |
| Над 150 тони | 1 000 000 |
| Над 50 тона до 150 тони | 500 000 |
| Над 22 тони до 50 тони | 400 000 |
| Над 5,7 тони до 22 тони | 160 000 |
| Над 2 тона до 5,7 тони | 80 000 |
| До 2 тона | 2 800 |
| Многу лесни воздухоплови, безмоторни воздухоплови | 2 400 |
| *Роторни воздухоплови* | |
| Големи | 200 000 |
| Среден | 100 000 |
| Мали | 6 000 |

[5] За изведенките, вклучувајќи ги значителните промени, како што се опишани во Потделот Г на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003, и вклучувајќи ги промените на геометријата и/или погонот на воздухопловот, се применува соодветната такса за Типски сертификат или Ограничен типски сертификат, како што е утврдено во табелата 1.

| | |
|---|---|
| *Други* | |
| Балони | 2 400 |
| *Погон* | |
| Над 25 KN | 100 000 |
| До 25 KN | 50 000 |
| Нетурбински мотори | 10 000 |
| Нетурбински мотори CS 22 H | 5 000 |
| Пропелер над 22 t | 2 500 |
| Пропелер до 22 t | 770 |
| *Делови* | |
| Вредност над 20 000 ЕУР | 1 000 |
| Вредност помеѓу 2 000 и 20 000 ЕУР | 600 |
| Вредност под 2 000 ЕУР | 350 |

*Табела 3: Дополнителни Типски сертификати и Ограничени типски сертификати (наведени во потделот Д на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003 на Комисијата)*

*(ЕУР)*

| | Паушал ([6]) | | |
|---|---|---|---|
| | Сложен | Стандарден | Едноставен |
| *Воздухоплов со неподвижни крила* | | | |
| Над 150 тони | 25 000 | 6 000 | 3 000 |
| Над 50 тони до 150 тони | 13 000 | 5 000 | 2 500 |
| Над 22 тони до 50 тони | 8 500 | 3 750 | 1 875 |
| Над 5,7 тони до 22 тони | 5 500 | 2 500 | 1 250 |
| Над 2 тона до 5,7 тони | 3 800 | 1 750 | 875 |
| До 2 тона | 1 600 | 1 000 | 500 |
| Многу лесни воздухоплови, безмоторни воздухоплови | 250 | 250 | 250 |
| *Роторни воздухоплови* | | | |

[6] За Дополнителните типски сертификати што вклучуваат промени на геометријата или погонот на воздухопловот, се применува соодветната такса за Типски сертификат или Ограничен типски сертификат, како што е дефинирано во табелата 1.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Големи | 11 000 | 4 000 | 2 000 |
| Средни | 5 000 | 2 000 | 1 000 |
| Мали | 900 | 400 | 250 |
| *Други* | | | |
| Балони | 800 | 400 | 250 |
| *Погон* | | | |
| Над 25 KN | 12 000 | 5 000 | 2 500 |
| До 25 KN | 5 800 | 2 500 | 1 250 |
| Нетурбински мотори | 2 800 | 1 250 | 625 |
| Нетурбински мотори CS 22 H | 1 400 | 625 | 300 |
| Пропелер над 22 t | 2 000 | 1 000 | 500 |
| Пропелер до 22 t | 1 500 | 750 | 375 |

*Табела 4: Значителни промени или значителни поправки (наведени во потделовите Г и К на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003)*

*(ЕУР)*

| | Паушал ([7])([8]) | | |
|---|---|---|---|
| | Сложен | Стандарден | Едноставен |
| *Воздухоплов со неподвижни крила* | | | |
| Над 150 тони | 20 000 | 6 000 | 3 000 |
| Над 50 тони до 150 тони | 9 000 | 4 000 | 2 000 |
| Над 22 тони до 50 тони | 6 500 | 3 000 | 1 500 |
| Над 5,7 тони до 22 тони | 4 500 | 2 000 | 1 000 |
| Над 2 тона до 5,7 тони | 3 000 | 1 400 | 700 |
| До 2 тона | 1 100 | 500 | 250 |
| Многу лесни воздухоплови, безмоторни воздухоплови | 250 | 250 | 250 |
| *Роторни воздухоплови* | | | |

[7] За значителните промени, како што се опишани во Потделот Г на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003, вклучувајќи ги промените на геометријата и/или погонот на воздухопловот, се применува соодветната такса за Типски сертификат или Ограничен типски сертификат, како што е утврдено во табелата 1.

[8] Промените и поправките на Помошната погонска единица (ППЕ) се наплаќаат како промени и поправки на мотори со истата моќност.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Големи | 10 000 | 4 000 | 2 000 |
| Средни | 4 500 | 2 000 | 1 000 |
| Мали | 850 | 400 | 250 |
| *Други* | | | |
| Балони | 850 | 400 | 250 |
| *Погон* | | | |
| Над 25 KN | 5 000 | 2 000 | 1 000 |
| До 25 KN | 2 500 | 1 000 | 500 |
| Нетурбински мотори | 1 300 | 600 | 300 |
| Нетурбински мотори CS 22 H | 600 | 300 | 250 |
| Пропелер над 22 t | 250 | 250 | 250 |
| Пропелер до 22 t | 250 | 250 | 250 |

*Табела 5: Помали промени или помали поправки (наведени во потделовите Г и К на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003)*

*(ЕУР)*

| | |
|---|---|
| Паушал ([9]) | |
| *Воздухоплов со неподвижни крила* | |
| Над 150 тони | 500 |
| Над 50 тони до 150 тони | 500 |
| Над 22 тони до 50 тони | 500 |
| Над 5,7 тони до 22 тони | 500 |
| Над 2 тона до 5,7 тони | 250 |
| До 2 тона | 250 |
| Многу лесни воздухоплови, безмоторни воздухоплови | 250 |
| *Роторни воздухоплови* | |
| Големи | 500 |
| Средни | 500 |
| Мали | 250 |

[9] Таксите што се утврдени во оваа Табела не се применуваат за помали промени или поправки што ги вршат проектантските организации во согласност со Делот 21A.263(в)(2) на Потделот Г од Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003.

| | |
|---|---|
| *Други* | |
| Балони | 250 |
| *Погон* | |
| Над 25 KN | 500 |
| До 25 KN | 500 |
| Нетурбински мотори | 250 |
| Нетурбински мотори CS 22 H | 250 |
| Пропелер над 22 t | 250 |
| Пропелер до 22 t | 250 |

*Табела 6: Годишна такса за носители на ЕАВБ типски сертификати и Ограничени типски сертификати и други типски сертификати што се сметаат за прифатливи согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002*
*(ЕУР)*

| | Паушал ([10])([11])([12]) | |
|---|---|---|
| | Проект во ЕУ | Проект надвор од ЕУ |
| *Воздухоплов со неподвижни крила* | | |
| Над 150 тони | 270 000 | 90 000 |
| Над 50 тони до 150 тони | 150 000 | 50 000 |
| Над 22 тони до 50 тони | 80 000 | 27 000 |

[10] За товарните верзии на определен воздухоплов, се применува коефициент 0,85 на таксата за еквивалентната патничка верзија.
[11] За носителите на повеќекратни Типски сертификати и/или повеќекратни Ограничени типски сертификати, се применува намалување на годишната такса за вториот и за последователните Типски сертификати, или Ограничени типски сертификати, во истата категорија производи, како што е прикажано на следнава табела:

| Производ од идентична категорија | Намалување што се применува на паушалната такса |
|---|---|
| 1-в | 0% |
| 2-ор | 10% |
| 3-ет | 20% |
| 4-ти | 30% |
| 5-ти | 40% |
| 6-ти | 50% |
| 7-ми | 60% |
| 8-ми | 70% |
| 9-ти | 80% |
| 10-ти | 90% |
| 11-ти и последователните производи | 100% |

[12] За некој воздухоплов за којшто се регистрирани помалку од 50 примероци во светски рамки, активностите за продолжување на способноста за летање се наплаќаат по час, според саатнината што е утврдена во Делот II на Анексот, до нивото на таксата за соодветната категорија воздухопловни производи. За производи, делови и уреди што не се воздухоплов, ограничувањето се однесува на бројот на воздухопловите во кои предметниот производ, дел или уред се вградува.

| | | |
|---|---|---|
| Над 5,7 тони до 22 тони | 17 000 | 5 700 |
| Над 2 тона до 5,7 тони | 4 000 | 1 400 |
| До 2 тона | 2 000 | 670 |
| Многу лесни воздухоплови, безмоторни воздухоплови | 900 | 300 |
| *Роторни воздухоплови* | | |
| Големи | 65 000 | 21 700 |
| Средни | 30 000 | 10 000 |
| Мали | 3 000 | 1 000 |
| *Други* | | |
| Балони | 900 | 300 |
| *Погон* | | |
| Над 25 KN | 40 000 | 13 000 |
| До 25 KN | 6 000 | 2 000 |
| Нетурбински мотори | 1 000 | 350 |
| Нетурбински мотори CS 22 H | 500 | 250 |
| Пропелер над 22 t | 750 | 250 |
| Пропелер до 22 t | | |
| *Делови* | | |
| Вредност над 20 000 ЕУР | 2 000 | 700 |
| Вредност помеѓу 2 000 и 20 000 ЕУР | 1 000 | 350 |
| Вредност под 2 000 ЕУР | 500 | 250 |

*Табела 7: Одобрение за проектантска организација (наведено во потделот S на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003*)

*(ЕУР)*

| | ОПО 1А | ОПО 1Б<br>ОПО 2А | ОПО 1В<br>ОПО 2Б<br>ОПО 3А | ОПО 2В<br>ОПО 3Б | ОПО 3В |
|---|---|---|---|---|---|
| | Такса за одобрение | | | | |
| Ангажиран персонал под 10 лица | 11 250 | 9 000 | 6 750 | 4 500 | 3 600 |
| 10 до 49 | 31 500 | 22 500 | 13 500 | 9 000 | — |
| 50 до 399 | 90 000 | 67 500 | 45 000 | 36 000 | — |
| 400 до 999 | 180 000 | 135 000 | 112 500 | 99 000 | — |
| 1000 до 2499 | 360 000 | — | — | — | — |
| 2500 до 5000 | 540 000 | — | — | — | — |
| Над 5000 | 3 000 000 | — | — | — | — |
| | Такса за надзор | | | | |
| Ангажиран персонал под 10 | 5 625 | 4 500 | 3 375 | 2 250 | 1 800 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| лица | | | | | |
| 10 до 49 | 15 750 | 11 250 | 6 750 | 4 500 | — |
| 50 до 399 | 45 000 | 33 750 | 22 500 | 18 000 | — |
| 400 до 999 | 90 000 | 67 500 | 56 250 | 49 500 | — |
| 1000 до 2499 | 180 000 | — | — | — | — |
| 2500 до 5000 | 270 000 | — | — | — | — |
| Над 5000 | 1 500 000 | — | — | — | — |

*Табела 8: Одобрение за производна организација (наведено во потделот Е на Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003)*

*(ЕУР)*

| | Такса за одобрение | Такса за надзор |
|---|---|---|
| Промет под 1 милион евра | 9 000 | 6 500 |
| Меѓу 1000000 и 4999999 | 38 000 | 28 000 |
| Меѓу 5000000 и 9999999 | 58 000 | 43 000 |
| Меѓу 10000000 и 49999999 | 75 000 | 57 000 |
| Меѓу 50000000 и 99999999 | 270 000 | 200 000 |
| Меѓу 100000000 и 499999999 | 305 000 | 230 000 |
| Меѓу 500000000 и 999999999 | 630 000 | 475 000 |
| Над 999999999 | 900 000 | 2 000 000 |

*Табела 9: Одобрение за организации за одржување (наведено во Анекс I, потдел Ѓ, и Анекс II кон Регулативата (ЕЗ) бр. 2042/2003 (*) на Комисијата)*

*(ЕУР)*

| | Такса за одобрение ([13]) | Такса за надзор ([14]) |
|---|---|---|
| Ангажиран персонал под 5 лица | 3 000 | 2 300 |
| Помеѓу 5 и 9 | 5 000 | 4 000 |
| Помеѓу 10 и 49 | 11 000 | 8 000 |
| Помеѓу 50 и 99 | 22 000 | 16 000 |
| Помеѓу 100 и 499 | 32 000 | 23 000 |
| Помеѓу 500 и 999 | 43 000 | 32 000 |
| Над 999 | 53 000 | 43 000 |

*(ЕУР)*

[13] Таксата што се плаќа се состои од паушалната такса врз основа на бројот на вработените, плус паушалната такса што се заснова врз техничката оценка.
[14] Таксата што се плаќа се состои од паушалната такса врз основа на бројот на вработените, плус паушалната такса што се заснова врз техничката оценка.

| Технички оценки | Паушална такса заснована врз техничката оценка ([15]) |
|---|---|
| А 1 | 11 000 |
| А 2 | 2 500 |
| А 3 | 5 000 |
| А 4 | 500 |
| Б 1 | 5 000 |
| Б 2 | 2 500 |
| Б 3 | 500 |
| В | 500 |

*Табела 10: Одобрение за организации за обука за одржување (наведено во Анекс IV кон Регулативата (ЕЗ) бр. 2042/2003)*

*(ЕУР)*

| | Такса за одобрение | Такса за надзор |
|---|---|---|
| Ангажиран персонал под 5 лица | 4 000 | 3 000 |
| Помеѓу 5 и 9 | 7 000 | 5 000 |
| Помеѓу 10 и 49 | 16 000 | 14 000 |
| Помеѓу 50 и 99 | 35 000 | 30 000 |
| Над 99 | 42 000 | 40 000 |

(*) Регулатива (ЕЗ) бр. 2042/2003 на Комисијата од 20 ноември 2003 година за продолжување на способноста за летање на воздухопловите и воздухопловните производи, делови и уреди, и за одобрувањето на организациите и персоналот што се вклучени во исполнувањето на таквите задачи (Сл. В. 315, 28.11.2003 г., стр. 1), со последните измени со Регулатива (ЕЗ) бр. 376/2007(Сл. В. L 94, 4.4.2007, стр. 18).

ДЕЛ II

**Задачи што се наплаќаат по час**

1. Саатнина:

| | |
|---|---|
| Применлива саатнина | 225 ЕУР |

2. Саатнина во согласност со соодветните задачи:

[15] За организациите што поседуваат неколку А и/или Б оценки, се наплаќа само највисоката такса. За организациите што поседуваат една или повеќе В и/или Г оценки, за секоја оценка се наплаќа таксата што важи за оценката В.

| | |
|---|---|
| Демонстрирање на способноста на проектот преку алтернативни постапки | Реален број часови |
| Производство без одобрение | Реален број часови |
| Прифатливи средства за постигнување усогласеност со Директивите за способноста за летање | Реален број часови |
| Поддршка за заверката (прифаќање на сертификатите на ЕАВБ од странските власти) | Реален број часови |
| Техничка помош побарана од странски власти | Реален број часови |
| Прифаќање од ЕАВБ на извештаите од Одборот за преглед на одржувањето (ОПО) | Реален број часови |
| Пренос на сертификати | Реален број часови |
| Одобрување на услови за летање за дозволите за летање | 3 часа |
| Административно повторно издавање документи | 1 час |

ДЕЛ III

**Такси за други задачи што се поврзани со сертификацијата**

1. Прифаќање на одобренија што се еквивалентни на одобренијата од „Дел 145“ и „Дел 147“ во согласност со применливите билатерални спогодби:

| | |
|---|---|
| Нови одобренија, по барање | 1 500 ЕУР |
| Обновување на постоечките одобренија, за период од 12 месеци | 750 ЕУР |

2. Продолжување на одобрението на организациите за управување со способноста за летање (наведено во Дел К, потдел Е на Анекс I кон Регулативата (ЕЗ) бр. 2042/2003):

| | |
|---|---|
| Нови одобренија, по барање | 24 000 ЕУР |
| Обновување на постоечките одобренија, за период од 12 месеци | 18 000 ЕУР |

3. Поединечни прегледувања и/или измени на прирачникот за летање на воздухопловот:

Се наплаќа како промена на соодветниот производ.

Дел IV

**Давачки за жалби**

Давачките се собираат за административна обработка на жалбите, како што е опишано во член 35 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1592/2002.
За сите поднесени жалби се наплаќа паушалната давачка што е прикажана во табелата, помножена со наведениот коефициент за соодветната категорија давачки за предметното лице или организацијата.
Давачката се враќа во оние случаи кога жалбата резултира со укинување на Одлуката на Агенцијата.

Од организациите се бара да доставаат потпишан сертификат од страна на овластен службеник на предметната организација за да $ овозможат на Агенцијата да ја утврди соодветната категорија на давачката.

| | |
|---|---|
| Паушална давачка | 10 000 ЕУР |

| Категорија на давачката за физички лица | Коефициент за паушалот |
|---|---|
| | 0,1 |

| Категорија на давачката за организации, врз основа на финансискиот промет на подносителот на жалбата, изразен во евра | Коефициент за паушалот |
|---|---|
| помалку од 100 001 | 0,25 |
| помеѓу 100 001 и 1 200 000 | 0,5 |
| помеѓу 1 200 001 и 2 500 000 | 0,75 |
| помеѓу 2 500 001 и 5 000 000 | 1 |
| помеѓу 5 000 001 и 50 000 000 | 2,5 |
| помеѓу 50 000 001 и 500 000 000 | 5 |
| помеѓу 500 000 001 и 1 000 000 000 | 7,5 |
| над 1 000 000 000 | 10 |

ДЕЛ V

**Годишна стапка на инфлација**

Износите што се наведени во деловите I, II и III се индексираат кон стапките на инфлација што се утврдени во овој Дел. Ваквото индексирање се врши на секоја годишнина од влегувањето во сила на оваа Регулатива.

| | |
|---|---|
| Годишна стапка на инфлација што треба да се користи: | EUROSTAT HICP (Сите точки) — ЕУ 27 (2005 = 100)<br>Процентуална промена/12 месечен просек |
| Вредноста на стапката што треба да се земе предвид: | Вредноста на стапката на 31 декември пред спроведувањето на индексирањето |

Дел VI

**Информации за ефективноста**

Следниве информации се однесуваат на последниот шестмесечен период што претходи на нивното издавање од страна на Агенцијата врз основа на членот 5.
Број на персоналот на Агенцијата што врши задачи за сертификација
Број на часови што се отстапени на националните воздухопловни администрации (НВА)
Севкупен трошок за сертификација
Број на извршени задачи (целосно или започнати) од страна на Агенцијата
Број на извршени задачи (целосно или започнати) во име на Агенцијата
Бројот на часови потрошени од персоналот на Агенцијата на активности за продолжување на способноста за летање
Вкупниот износ што му е фактуриран на друштвото.